Врз основа на член 3 став 1 од Решението за формирање и именување на членови на постојното работно тело "Економски совет" при ЕЛС- Општина Штип ( Службен гласник на Општина Штип бр.12/12), Економскиот совет на Општина Штип на седницата одржана на 19.11.2012 година, донесе:

# ДЕЛОВНИК

## за работа на Економскиот совет на Општина Штип

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се уредува начинот на работа на постојното работно тело "Економски совет" при ЕЛС - Општина Штип ( во понатамошниот текст "Економски совет" на Општина Штип ), а особено подготовката, свикувањето и одржувањето на седницата, текот и работата на седницата, донесувањето заклучоци, препораки и сл., одржувањето ред на седницата, правата и должностите на членовите и др.

Член 2

Економскиот совет на Општина Штип работи на седници.
Седниците на Економскиот совет на Општина Штип се јавни.

Член 3

Деловникот за работа на Економскиот совет на Општина Штип се донесува на првата седница по конституирањето на Економскиот совет на Општина Штип.

## II. ПОДГОТОВКА, СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА

1. Подготовка на седница

Член 4

Предлогот на Дневниот ред за седницата на Економскиот совет на Општина Штип го утврдува Претседателот на Економскиот совет по претходен договор со постојаните членови на Економскиот совет на Општина Штип.

Член 5

Како прва точка на дневниот ред на седницата на Економскиот совет на Општина Штип по правило се внесува записникот од претходната седница.

2. Свикување на седница на Економскиот совет на Општина Штип

Член 6

Седницата на Економскиот совет на Општина Штип ја свикува Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип по своја иницијатива, по барање на најмалку 1/3 од членовите на Економскиот совет на Општина Штип.

Член 7

За одржување на седницата членовите на Економскиот совет на Општина Штип се известуваат со покана. Поканата ја потпишува Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип.

Член 8

Поканата за седницата, заедно со работните материјали на Економскиот совет на Општина Штип мора да се доставaт најдоцна 7 дена, по електронски пат најдоцна 2 дена пред денот одреден за одржување на седницата, а во итни случаи веднаш и без покана

3. Одржување на седницата на Економскиот совет на Општина Штип

Член 9

Со седницата на Економскиот совет на Општина Штип раководи Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип.

Член 10

Седницата на Економскиот совет на Општина Штип ја отвара Претседателот откако ќе констатира дека на седницата присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број на членови на Економскиот совет на Општина Штип за нејзино одржување ( кворум).

Член 11

Дневниот ред на седницата се утврдува врз основа на предложениот дневен ред во поканата за седницата на Економскиот совет на Општина Штип и на самиот почеток на седницата.

## II. ТЕК И РАБОТА НА СЕДНИЦАТА

Член 12

Откако Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип ќе го објави усвоениот дневен ред се преоѓа на расправа и одлучување по одделни точки од дневниот ред.

Член 13

Пријавување за дискусија се врши кај Претседателот Економскиот совет на Општина Штип откако ќе се отвори расправа по одделни точки од дневниот ред.

Член 14

Учесникот кој ќе добие збор мора да се придржува кон предметот на расправање и може да зборува само за прашањето кое е поставено на дневен ред.

Доколку учесникот на своето излагање се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип ќе го опомене да се придржува кон дневниот ред, а ако тој не постапи така Претседателот може да му го одземе зборот.

## IV. ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИ, ПРЕПОРАКИ И СЛ.

Член 15

По исцрпувањето на дискусијата или по предлогот прифатен без дискусија, Претседателот донесува заклучок, препорака или друг акт.

Заклучокот, препораката или друг акт го формулира Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип, врз основа на излагањата во текот на седницата, доколку порано не е донесена предлог одлука.

Заклучоците, препораките или други акти се донесуваат со јавно гласање ( со кревање рака).

Член 16

По завршеното гласање Претседателот ги утврдува резултатите од гласањето и прогласува дали предлогот е прифатен или одбиен односно дали заклучокот, препораката или друг акт е усвоен или не.

Член 17

Заклучоците, препораките или другите акти се изгласани кога гласале "за" мнозинството од вкупниот број на присутни членови на Економскиот совет на Општина Штип.

Ако бројот на гласовите "за" или "против" е подеднаков, гласањето се повторува.

Во случај на повторување на гласањето и доколку повторно не се дојде до резултат , прашањето за кое се одлучувало, се одложува за наредната седница на Економскиот совет на Општина Штип.

Член 18

Економскиот совет на Општина Штип донесува акти согласно на своите надлежности како советодавно тело.

## V. ОДЛАГАЊЕ, ПРЕКИН И ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА СЕДНИЦАТА

Член 19

Закажаната седница на Економскиот совет на Општина Штип се одлага кога ќе настапат причини кои го оневозможуваат одржувањето на седницата во закажаниот ден и време.

Седницата на Економскиот совет на Општина Штип се одлага и кога пред нејзиното отворање ќе се констатира дека не присуствуваат доволен број на членови.

Седницата на Економскиот совет на Општина Штип ја одлага Претеседателот.

Во случај на одлагање на седницата, присутните членови се известуваат за времето и местото на одржување на новата седница, а на отсутните членови им се доставува усно или писмено известување за одложената седница.

Член 20

Седницата на Економскиот совет на Општина Штип се прекунува:

- кога во текот на седницата бројот на присутните членови ќе се намали под пропишаниот број за одржување на седницата;
- поради пауза;

Седницата ја прекинува Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип

Член 21

По завршувањето на расправата и одлучување по сите прашања кои се на дневен ред на седницата, Претседателот објавува дека седницата е завршена.

## VI. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА Економскиот совет на Општина Штип

Член 22

Членот има право и должност да присуствуа и учествува во работата на седницата на Економскиот совет на Општина Штип.

Во случај на спреченост на членот да присуствува на седницата на Економскиот совет на Општина Штип, должен е однапред да го извести Претседателот за тоа или дополнително да го оправда своето отсуство.

Член 23

Членот на Економскиот совет на Општина Штип долженен е совесно да ја врши својата функција во Економскиот совет на Општина Штип за време на својот мандат.

Членот на Економскиот совет на Општина Штип е самостоен во изнесувањето на своите мислења, искажувања за предлозите, заземањето ставови и определувањето по прашањата кои се разгледуваат и по кои се одлучува на седницата.

Член 24

Во работата на Економскиот совет на Општина Штип членот ги има следниве права и должности:

- да предлага одржување на седници како и дневен ред или дел од дневен ред;
- да поднесува предлог- заклучоци, препораки и други акти од делокругот на Економскиот совет на Општина Штип;
- да биде навремено известуван за сите прашања чие познавање му е неопходно заради правилно вршење на функцијата член на Економскиот совет на Општина Штип;
- да дискутира во врска со прашањата кои се на дневен ред;
- да учествува во донесувањето на одлуките на Економскиот совет на Општина Штип.

Член 25

Членот на Економскиот совет на Општина Штип има право на Претседателот и на претставниците на Економскиот совет на Општина Штип кои присиствуваат на седницата на Економскиот совет на Општина Штип да му поставува прашања кои се однесуваат на работата на Економскиот совет на Општина Штип или на работи од негова надлежност.

Прашањата може да се поставуваат писмено или усмено преку Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип.

## VII. ЗАПИСНИК ЗА РАБОТА НА Економскиот совет на Општина Штип

Член 26

На секоја седница на Економскиот совет на Општина Штип се води записник за работата на седницата.

Член 27

Во записникот на седницата се внесуваат основните податоци за работата на седницата на Економскиот совет на Општина Штип и тоа:

- ознака за бројот на седницата;
- место и ден на одржување на седницата;
- време ( час ) на почетоик на седницата;
- усвојување на дневниот ред на седницата;
- број на присутни членови;
- број на отсутни членови со образложение за нивното отсуство;
- текот на работата на седницата, а особено прашања за кои се решава, имињата на лицата кои учествуваат во расправата и нивното кусо излагање
- одлуки што се однесуваат по точките од дневниот ред;
- други важни настани на седницата;
- време ( час ) на завршување на седницата.

Член 28

Записникот го потпишува Претседателот на Економскиот совет на Општина Штип и записничарот.

Член 29

Записниците од седниците на Економскиот совет на Општина Штип се чуваат во архивата.

**VIII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 30

Измените и дополнувањата на овој Деловник се вршат на ист начин како и при неговото донесување.

Член 31

Овој Деловник стапува на сила од денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Економски совет на Општина Штип
Градоначалник
на Општината Штип
**д-р Зоран Алексов**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП * ШТИП АСТИБО